ЗАПИСНИК

од 63-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 12.03.2025 год.
со почеток во 13:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител, Оливера Димитровска - раководител и Николина Лозановска - советник.

На 63-та седница на Советот на Општина Новаци како гостин беше присутна и В.Д Директорката на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, Јагода Неделкова.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година;
2. Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци за проектот: ,,Реконструкција на улица во Новаци,, во повикот од Бирото за регионален развој преку Центарот за рамномерен регионален развој на Пелагониски плански регион;
3. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници;
4. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 63-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот, Најдовска Стојковска, зеде збор и пред Советот на Општина Новаци предложи, Дневниот ред да се измени и дополни со 1 (една) точка, која треба да се разгледува на оваа седница:

1. Разгледување и усвојување на измена на Годишен план за вработување за 2025 год. на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци.

Советниците го разгледаа Дневниот ред со измената и дополнувањето, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 63-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 5 (пет) точки, со тоа што точката бр. 4 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 5.

1. точка Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

Советниците беа информирани од страна на Анета Киселоска - раководител за промената во Одлуката која мора да се направи поради промена на коефицентот за исплата на платата на градоначалникот кој изнесува 2,08 согласно законската регулатива. По нејзиното излагање и по дискусијата Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 г.

2. точка Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци за проектот: ,,Реконструкција на улица во Новаци,, во повикот од Бирото за регионален развој преку Центарот за рамномерен регионален развој на Пелагониски плански регион

Градоначалникот Стевановски зеде збор по однос на оваа точка, и пред советниците даде објаснување дека кофинансирањето од Општина Новаци за целосно реализирање на овој проект изнесува 541 000,00 ден. Додека остатокот, кој изнесува 2.000000,00 ден. се средства добиени од Бирото за регионален развој. По дискусијата советниците со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесоа Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на Општина Новаци за проектот: ,,Реконструкција на улица во Новаци,, во повикот од Бирото за регионален развој преку Центарот за рамномерен регионален развој на Пелагониски плански регион.

3. точка Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници

По однос на оваа точка, збор зеде В.Д Директорката на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, Јагода Неделкова која пред советниците даде објаснување дека измената и дополнувањето на Правилникот е резултат на вработувањето на нови возачи во претпријатието, а со тоа и воспоставувањето на нови возни линии како што се: Брод – Гермијан, Новаци - Рапеш и Новаци – Гнеотино. По ова меѓу советниците се разви дискусија по која се гласаше, така што со **6 гласа за и 3 гласа воздржани** се донесе Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници.

4. точка Разгледување и усвојување на Изменет годишен план за вработување за 2025 год. на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци.

Советниците го разгледаа изменетиот Годишен план за вработување за 2025 год. кој е неопходен поради смртен случај на еден од вработените. По кратката дискусија со **7 гласа за и 1 глас воздржан** советниците донесоа Одлука за давање на Согласност на Изменет Годишен план за вработување на ООУ „Славко Лумбарковски“ с. Новаци за 2025 година.

*****Советничката Сузана Јовановска, не гласаше по однос на оваа точка, поради судар на интереси како вработена во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци.

5. точка Советнички прашања

Советничката Сузана Јовановска постави прашање до градоначалникот Стевановски, во врска со новонастанатата ситуација со регионалната депонија. Градоначалникот одговори дека се организира нова јавна дебата со Министерството за животна средина и тоа што поскоро уште во текот на наредната недела, најверојатно во вторник, за да може месното население и сите заинтересирани да ги добијат потребните информации во врска со ова многу чувствително прашање.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 63-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска